МРЕЖА 23

MULTIKULTURA

# Бесплатна правна помош- предизвици и решенија

Проектот е финансиран од ЕУ

Мултикултура, Тетово, 2017

Публикацијата е дел од проектот „Бесплатна правна помош – Предизвици и Решенија“, издаден од страна на Здружението Мултикултура Тетово.

Оваа анализа е овозможена со поддршка на Европската Унија во рамки на проектот Мрежа 23+ кој го имплементираат Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје и Хелсиншкиот комитет за човекови права. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не секогаш ги одразуваат мислењата на Европската Унија.

Сите права се задржани од страна на Здружение Мултикултура Тетово.

# Бесплатна правна помош- предизвици и решенија

## Содржина

Користени кратенки....4
Предговор....5
Вовед....6
МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ....7
Селектирани области....8
Донесувањето на Законот за бесплатна правна помош....9
Правни прашања за кои се одобрува бесплатна правна помош....9
Даватели на бесплатна правна помош....10
Услови за стекнување право на бесплатна правна помош....10
Постапката на остварување на правото на бесплатна правна помош....11
Статистички податоци во однос на остварувањето на правото на БПП....11
СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА ДОНЕСЕНИТЕ РЕШЕНИЈА....12
Финансирањето на бесплатната правна помош....13
Клучните наоди од спроведената анкета за познавањето на ЗБПП, условите и постапката за користење на ова право во Тетово....14
Клучни препораки од спроведената анкета за познавањето на ЗБПП, условите и постапката за користење на ова право во Тетово....15
Заклучоци произлезени од фокус група со здруженија на граѓани регистрирани да даваат претходна правна помош....16
Препораки произлезени од фокус група со здруженија на граѓани регистрирани да даваат претходна правна помош....16
Анекс 1....19

# Користени кратенки

**БПП** – Беспланта правна помош

**ЗБПП** – Закон за Бесплатна правна помош

**ЕУ** – Европска Унија

**СПР** – Стратешки план за реформи

**МП** – Министерство за правда

**ПЕ** – Подрачна единица

**РМ** – Република Македонија

# Предговор

*"Таму каде што правдата е одбиена, сиромаштијата владее, незнаењето преовладува, и каде што одредена класа чувствува дека општеството е организирано со пропаганда која врши притисок, краде, и ги деградира нив, ниту еден човек или сопственост не е на сигурно."*

***Фредрик Даглас, Април 1886***

Поминаа 8 години од донесувањето и имплементацијата на Законот за Бесплатна правна помош, но сите се прашуваме колку е ефективен и колку граѓани го искористиле правото на бесплатна правна помош.

Со надеж дека оваа анализа ќе биде извор на информации за граѓаните и пошироката јавност, се обидовме да создадеме материјал кој ќе биде во чекор со времето и сите сегашни измени на ЗБПП и другите позитивни акти во државата. Во оваа анализа се поставени некои основни прашања кои бараат одговори и кои имаат цел да анализираат и да дадаат придонес за тоа како да се информираат граѓаните за правата кои ги имаат и кои можат да ги искористат. Проблемите со кои граѓаните се соочуваат при практикување на правото на БПП и препораките како истите да се надминат, се дел од оваа анализа. Податоците добиени во оваа анализа се добиени преку анализа на анкети направени со граѓаните во градот Тетово и интервјуа релизирани со други организации кои се овластени за давање на БПП. Преку овие алатки се потрудивме да ги најдеме проблемите со кои се соочуваат граѓаните при остварување на ова право со фокус на Тетово и да најдеме решение за истите.  Исто така, се потрудивме да ги известиме граѓаните за содржината на овој Закон и како да го остварат правото на БПП.

Со почит,

М-р Вулнет Зенки

Извршен директор

Здружение Мултикултура Тетово

# Вовед

ЗБПП е усвоен како дел од стратешкиот план за реформи на правосудниот систем со цел да се хармонизираат законите и другите правни акти, со законите на државите на ЕУ. Целта на ЗБПП е да се постават основите за пристап до правната помош на сите оние на кои им е потребно.

ЗБПП беше усвоен во декември 2009 година, а почна да се имплементира во Јули 2010 година. На почетокот на имплементирањето бројот на барањата за добивање на БПП беше многу мал затоа што луѓето немаа информации за можноста за добивање на БПП и според резултатите на анкетата направена од страна на здружението Мултикултура и ден денес бројот на граѓаните кои имаат некоја информација за БПП е многу мал, а луѓето кои се информирани за постоењето на овој закон во најголем дел се од правната сфера. Еден од проблемите во врска со ЗБПП е тоа што не е направена доволна промоција на истиот од непознати причини и затоа граѓаните немаат доволно информации во врска со неговото постоење. Неопходно е да се оствари промоција на Законот  од страна на институциите, особено Министерството за правда, преку објавување на законскиот текст на веб- страните на министерствата. Сметаме дека дека ова ќе помогне во информирањето на граѓаните за постоењето на овој Закон.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Оваа анализа се фокусира на примената на ЗБПП, од донесувањето на истиот до 2016 година, спроведувајќи ги податоците од извештаите на МПи од другите организации кои се занимават со давањето на бесплатната правна помош.

Временскиот опфат на оваа анализа е 01.01.2016 до 31.12.2016 година. До деталната анализа за примената на Законот и статистичните податоци се потрудивме да дојдеме преку анкети на граѓани и интервјуа направени со експерти од сферата на правната помош. Бројот на направени анкети изнесува 500 учесници, со живеалиште во Тетово, од кои 51% беа женски пол, а 49% беа машки пол. Учеснците беа од три категории на возраст и тоа: групата од 16-25 беа претставени со 31%, групата од 26-35 беа претставени со 46% и групата од над 36 годишна возраст беа претставени со 23%.







Исто така, интервјуирани се четири здруженија регистрирани во Република Македонија, кои исто така се овластени за давање БПП: ЦРУЈЖ, РОМА СОС, НРЦ Куманово и Македонско здружение на млади правници. На овие состаноци се разговараше за бројот на поднесените барања и колку од овие барања биле одобрени. Исто така се разговараше и за тоа како можеме да најдеме начини за да можеме да ја промовираме услугата пред граѓаните.

Интервјуирани беа и претставници од МП- Подрачно одделение- Тетово. Целта на овие интервјуа беше да се добие реална слика за бројот на поднесените барања за БПП, за тоа колку од нив биле прифатени, а колку одбиени. Во текот на овие разговори, дознавме кои услови треба да се исполнат за едно барање да биде усвоено (од нивното искуство и препораки), каде најмногу грешат нашите граѓани при пополнување на истите. Исто така, на овие состаноци се разговараше и за потребните измени што треба да се направат на постоечкиот Закон, а тоа ќе придонесе ние како здруженија да добијеме повеќе
п
р
е

дмети. Овие состаноци се реализирани со раководителот на Подрачна единица на МП Тетово и вработените.

## Селектирани области

Со оваа анализа ќе се потрудиме да дадеме детални податоци за секоја од селектираните области, како што се:

- Број на поднесени барања за БПП:
- Колку барања се поднесени во одредени подрачја? Дали поднесените барања се малку или многу? Дали се помалку или повеќе од минатиот извештај во 2015 година и дали се разликуваат градовите во однос на бројот на поднесените барања, итн.
- Бројот на одобрените наспроти одбиените барања за БПП: Какви биле решенијата на Министерството за барањата за БПП, дали имало повеќе одобрени или одбиени барања, причините зошто се одбиени барањата и друго?
- За какви правни проблеми се поднесени повеќе барања за БПП, дали со закон се регулирани доволно број на прашања за кои може да се одобри БПП, за кој вид на правни проблеми има повеќе барања, дали треба да се обезбеди БПП и за други прашања за кои не е предвидено истата?
- Дали тие кои имаат потреба од БПП се опфатени и дали условите за добивање на истата се лесно исполнети?
- Бидејќи во законот има начело за итност на постапката за Бесплатна помош ќе се обидеме да дознаеме колку е ефикасен и колку е брза постапката за обезбедување на правната помош.
- Дали лицата на кои им е одбиено барањето имаат можност да поднесат правен лек?
- Улогата на давателите на БПП и нивната улога?
- Финансирањето на БПП, дали средствата кои се предвидени за финансирање на БПП се доволни или треба Министерството да предвидува повеќе средства за оваа проблематика?

# Закон за бесплатна правна помош

## Донесувањето на Законот за бесплатна правна помош

РМ, со цел да постигне полноправно членство и влез во ЕУ, има задача да направи хармонизација на националното законодавство со меѓународните акти се со цел да им се даде пристап на граѓаните до потребната правна помош, па исто и до правдата. Системот за БПП беше вметнат во агендата на Владата на РМ како во стратегијата за промени во судскиот систем и промени во законодавството.

Имено, ЗБПП беше донесен во декември 2009 година, и поради таа 3беа потребни околу 6 месеци за да може да почне да се имплементира истиот (во Јули 2010 година). Во текот на овие 8 години, законот претрпе измени и тоа во несуштински де.

Измената направена во 2011 година беше во  на проширување на категориите опфатени со овој закон кои можат да се пријават како корисници на помошта. Измените во 2014 беа поврзани со хармонизирање на ЗБПП со Законот за правда за децата и последната измена беше во врска со можноста на поврзување на системот на МП со системот Агенцијата за катастар на недвижности.

Во законот како една од задачите на Министерсвото (член 35) е предвидено да се изготви Годишен извештај во кои се содржани сите информации, на пример: законската рамка, статистичните податоци, бројот на поднесените барања, бројот на донесените решенија за одобрување на барањата, бројот на одбиените барања, правните прашања за кои повеќе се бара правна помош, давателите на БПП, обемот на финансиските средства исплатени за одобрените барања и обемот на средства.

### Правни прашања за кои се одобрува бесплатна правна помош

БПП се одобрува во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за барателот на правната помош, и тоа за права од областа на социјалното, здраственото, пензиското или инвалидското осигурување, работни односи, заштита на деца, жртвите на семејно насилство, заштита на жртвите од казниви дела, заштита на жртвите од трговија со луѓе, признавање на правото на азил и

и

мотно-правните прашања.

## Даватели на бесплатна правна помош

Согласно Законот, БПП се остварува како претходна правна помош и правна помош во управни и судски постапки. Во давањето на претходна правна помош се вклучени подрачните одделенија на МП и овластени здруженија. Адвокатите даваат правна помош во судските и управните постапки.

## Услови за стекнување право на бесплатна правна помош

Условите кои едно лице треба да ги исполнува за да може да му биде одобрена БПП се предвидени со членот 12 од ЗБПП. Ставот (1) од овој член предвидува:
(1) Право на БПП имаат лицата од ставот 2 на овој член кои, со оглед на својата материјална положба, не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедница.

Натаму, ставот (2) ги предвидува категориите на лица кои можат да добијат БПП, и тоа државјаните на РМ со постојано живеалиште во РМ, и тоа:

- Дете во ризик;
- Дете за кое постојат основи на сомневање дека сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок;
- Лица корисници на социјална помош;
- Корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи во основ на заработувачка или приходи од недвижности;
- Корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него;
- Семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Ставот (3) од овој член предвидува дека покрај категориите наведени во претходниот став, односно став (2), право на БПП имаат и:

- Баратели на правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на РМ има престојувалиште;
- Странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори без оглед на територијата на РМ има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на РМ;

- Лице без државјанство, кое законски престојува во РМ;
- Државјанин на земја членка на ЕУ под услови и на начин утврден со овој закон.

Понатаму во членот 14 од законот, законодавецот предвидел одредба, односно ограничување кое се однесува на имотот на барателот и членовите со кои живее во заедничко домаќинство, односно предвидел дека:

-БПП не може да се одобри доколку барателот или член на неговото семејство со кој живее во исто домаќинство има имот кој достигнува или надминува пет просечни месечно бруто плати исплатени во РМ во претходниот месец.

## Постапката на остварување на правото на бесплатна правна помош

Барањето за БПП се поднесува лично или преку пошта во подрачните одделенија на министерство на пропишан образец кон кој се приложува и изјава за материјално – социјалната положба на подносителот на барањето и членовите на семејството со кои се живее во заедничко семејство домаќинство, како и согласност за увид во сите податоци за нивната имотна состојба. По поднесеното барање одлучува МП. Против решението на МП, незадоволното лице има право на жалба.

## Статистички податоци во однос на остварувањето на правото на БПП

Поднесените барања за БПП од донесувањето на Законот до крајот на 2015 година (последниот извештај на Министерството).

| ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ | БРОЈ НА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА |
|---|---|
| 1. БЕРОВО | 22 |
| 2. БИТОЛА | 91 |
| 3. МАКЕДОНСКИ БРОД | 10 |
| 4. ВИНИЦА | 1 |
| 5. ВАЛАНДОВО | 12 |
| 6. ГЕВГЕЛИЈА | 16 |
| 7. ГОСТИВАР | 0 |
| 8. ДЕБАР | 2 |
| 9. ДЕЛЧЕВО | 2 |
| 10. ДЕМИР ХИСАР | 2 |
| 11. КАВАДАРЦИ | 38 |
| 12. КИЧЕВО | 44 |

| | |
|---|---|
| **13. КОЧАНИ** | 7 |
| **14. КРАТОВО** | 37 |
| **15. КРИВА ПАЛАНКА** | 16 |
| **16. КРУШЕВО** | 3 |
| **17. КУМАНОВО** | 119 |
| **18. НЕГОТИНО** | 30 |
| **19. ОХРИД** | 12 |
| **20. ПРИЛЕП** | 9 |
| **21. ПРОБИШТИП** | 12 |
| **22. РАДОВИШ** | 39 |
| **23. РЕСЕН** | 9 |
| **24. СВЕТИ НИКОЛЕ** | 1 |
| **25. СТРУГА** | 5 |
| **26. СТРУМИЦА** | 49 |
| **27. ТЕТОВО** | 68 |
| **28. ВЕЛЕС** | 4 |
| **29. ШТИП** | 45 |
| **30. КАРПОШ** | 22 |
| **31. ЦЕНТАР** | 19 |
| **32. КИСЕЛА ВОДА** | 39 |
| **33. ГАЗИ БАБА** | 57 |
| **34. ЧАИР** | 21 |
| **35. ДИРЕКТО ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА** | 49 |
| **ВКУПНО** | 912 |

## СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА ДОНЕСЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

| *ГОДИНА* | ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА | ДОНЕСЕНИ РЕШЕНИЈА | ОДОБРЕНИ БАРАЊА | ОДБИЕНИ БАРАЊА | ЗАПРЕНИ ПОСТАПКИ |
|---|---|---|---|---|---|
| ***1*** | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| *2010/2011* ***од 07.07.2010- до 24.03.201)*** | 118 | 74 | 29 | 42 | 3 |
| *2011/2012* ***(од 25.03.2012до 31.03.2012)*** | 154 | 172 | 64 | 91 | 17 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *2012/2013* ***(од 01.04.2012- до 31.03.2013)*** | 180 | 196 | 68 | 126 | 2 |
| *2013/2014* ***(од 31.03.2013- до 31.12.2014)*** | 254 | 254 | 114 | 140 | 4 |
| *2015* ***(од 01.01.2015- до 31.12.2015)*** | 192 | 192 | 113 | 79 | 7 |
| ВКУПНО | 898 | 888 | 388 | 478 | 33 |

Најголемиот број на одобрените барања се однесуваат на решавање на имотно-правните прашања и заштитата на жртвите на семејното насилство и заштита на децата, додека пак другите правни области како што се социјалната заштита, пензиското, социјалното и здраствено осигурување и работните односи се помалку застапени.

## Финансирањето на бесплатната правна помош

Средствата за финансирање на БПП се обезбедуваат од Буџетот на МП, како посебна програма предложена од министерот, а одобрена од Владата на РМ, како и од донации и други приходи во согласност со Законот. Овие средства се наменети за исплата на наградата за адвокатите, како и за надомест на трошоците на овластените здруженија за обезбедената правна помош во случаите за кои е донесено решение за одобрување на БПП. Во овие средства не влегуваат трошоците за одржување на системот на БПП (човечките ресурси, инфраструктурата, промоцијата).

Трошоците што произлегуваат од давањето на БПП ги сноси државата, но овој буџет во иднина би требало да се зголеми, за да можат да се одобрат уште поголем број од барањата, затоа што поголемиот од средствата издвоени за оваа намена остануваат неискористени. Наместо да има намалување на средствата, треба истите да се употребат за изработка на промотивни материјали се со цел да има поголема информираност за Законот, за здруженијата кои се овластени за давање на претходната правна помош, за регистарот на адвокати, за условите и се друго да се промовира не само на веб- страната на Министерството, туку да има и веб- страна наменета само за ЗБПП и таму да се дадат сите потребни објаснувања така што граѓаните да можат да ги постават своите прашања и да добијат одговори на истите, к
а

ко и можеби нема да направат трошоци за документите што треба да ги приложат кон барањето за БПП.

## Клучните наоди од спроведената анкета за познавањето на ЗБПП, условите и постапката за користење на ова право во Тетово

1.Според резултатите на нашето истражување, 69% од испитаните не се запознаени дека постои таква услуга за граѓаните како што е БПП. Исто така на прашањето колку од нив знаат да ја искористуваат можноста за користење на ова право, само 18 % одговорија позитивно. 2.Само 3% од испитаните знаат за здруженијата кои се овластени за давање БПП во нивниот град. Од 18% од граѓаните кои се запознаени со БПП, само 3% имаат поднесено барање до МП и тоа за социјално осигурување и работни односи.

3.До 2016 година, кога и е издаден последниот извештај на МП бројот на барањата изнесува 742 за целата територија на РМ.

4.Ако се прави споредба на одредени подрачја може да се види дека во различни општини со слични карактеристики има голема разлика во однос на барањата за БПП. На пример може да се прави споредба меѓу градовите Куманово и Гостивар кои од почетокот на применувањето на ЗБПП има драстична разлика во бројот на поднесените барања, односно во Гостивар нема воопшто поднесени барања.

5.Еден од проблемите е тоа што бројот на барањата поднесени за БПП се многу мали и со тоа  се забранува, на каков било начин, да се прави промовирање на организациите кои даваат претходна правна помош.

# Клучни препораки од спроведената анкета за познавањето на ЗБПП, условите и постапката за користење на ова право во Тетово

1. Да се најде начин за промовирање на БПП за да можаат граѓаните да се запознат со условите за остварување на ова право.
2. Да им се даде можност на здруженијата овластени за давање на БПП, да користат комуникациски алатки за да можат да направат промоција на бесплатната правна помош, да ги информират граѓаните, особено ранливите категории на кои им е најпотребно да се здобијат со информации за користењето на овој конкретен закон, па ако треба да се одржи некоја јавна дебата со цел да се информираат граѓаните за самиот закон, па и за условите кои се потребни да се исполнат за да може да се искористи тоа право, да им се објасни начинот на кој се постигнува тоа право, каде треба да се насочат, кои конкретни органи се занимаваат со ова проблематика, точни адреси на органите и овластени лица, да се знае кои адвокати и кои организации се регистрирани за овој вид на дејност.
3. Министерсвото и канцелариските подрачја овластени за примање на барањата треба исто така да ги искористат нивните веб -страни и портали за да направат промовирање на Законот, да може да се најдат информации и на официјалните веб страни на судовите и Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална заштита ширум државата треба да имат некое овластено лице кое ќе биде во состојба да даде информации за условите и постапката за остварување на ова право.
4. Има потреба од суштински промени на самиот закон, особено во делот на условите за да се биде корисник на оваа помош. Условите се многу ригорозни и навистина голем број на граѓани, иако имаат голема потреба од правната помош, не можат да бидат корисници на истата, затоа што условите се предвидени на многу строг начин и нема исклучоци од аспект на тој дел. Кога не се исполнува еден од условите автоматски ти се одбива барањето за помош со тоа што и трошоците направени за да можеби се осигурат некои од документите барателот ќе треба да ги сноси самиот.
5. Институциите, особено судовите, да им даваат предност на случаите од БПП со тоа што ќе ги земат предвид околностите и моменталната сосотојба на предметот. Секој аспект на правосудноста треба да ја има предвид итноста и судењето на разумен рок не само во овие случаи, но тука има потреба да се прави исклучокот исто како што е предвидено со ЗБПП.

## Заклучоци произлезени од фокус група со здруженија на граѓани регистрирани да даваат претходна правна помош

И после 8 години од донесувањето на ЗБПП и 7 и пол години од применување на истиот, сеуште се соочуваме со истите примарни проблеми кои беа од почетокот на применувањето на Законот. Имплементацијата не е сеуште на ниво за да може да се каже дека Законот доследно се имплементира.

Заклучоците што се однесуваат на примената на ЗБПП:

1. 8 години по донесувањето на Законот и се уште бројот на барањата не достигнале ниту 1 000 во тек на овој временски период, во едно општество во кое 25% од населението не е вработено и се социјални случаи.
2. Се соочуваме со нејснотии во врска со нормите на Законот, кои, во некои аспекти се многу нејасни и нема дополнително објаснување за истите.
3. Барањата, кои и така се во мал број, повеќето од нив се одбиваат од различни, но понекогаш неосновани причини.
4. Здруженијата, кои сега се во малку поголем број од почетокот на применувањето на Законот (во регистарот се бројат околу 10 во целата територија на РМ), не добиваат никаква помош од државата за трошоците кои настануваат во тек на давање на претходната правна помош, па можеби и тоа е една од причините зошто повеќето здруженија не се регистрирани како даватели на БПП.
5. Како што спомнавме и погоре, буџетот на средствата наместо да се намали од година на година треба да се искористи за други намени без да се излезе од сферата на БПП.
6. Седум години од имплементирањето на Законот и неинформираноста на граѓаните е сеуште на високо ниво, земајќи предвид дека Министерството не го прави промовирањето на потребно ниво, иако во Законот се споменува дека Министерството треба секој 6 месеци да ја обнови веб страната, а последните информации во Регистарот за адвокати како даватели на бесплатната правна помош е од 2012 година и бројот на адвокати изнесува 214.

## Препораки произлезени од фокус група со здруженија на граѓани регистрирани да даваат претходна правна помош

1. Поширок опфат на правни прашања за кои може да биде одобрена правна помош и олеснување на условите кои треба да ги исполнат барателите на БПП.

   Правните потреби на граѓаните треба да бидат целосно отсликани во опфатот на новиот ЗБПП со цел обезбедување еднаков пристап до правда. Притоа, правните области наместо да бидат таксативно наброени и исклучувачки, треба да ги опфатат сите правни прашања и проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Натаму, за да се опфатат сите граѓани на кои им е потребна правна помош, потребно е олеснување на условите кои граѓанинот треба да ги исполни за да добие БПП.

2. Трошоци кои треба да бидат опфатени со правото на БПП.

   Во однос на трошоците, од досегашната пракса се јавува потребата правото на БПП да ги опфати сите трошоци кои произлегуваат од одреден правен спор за кој е одобрена бесплатна правна помош.

3. Проширување на опфатот на претходна БПП и финансирање на работата на здруженијата. Претходната правна помош која овластените здруженија и подрачните одделенија на МП ја даваат на граѓаните по теркот на правните системи кои се предмет на компаративна анализа, покрај правните совети и пополнувањето на барање за БПП, потребно е да вклучи и составување на едноставни писмена за управна постапка. Авансното финансирање, односно гарантирањето на здруженијата, претставува најдобар механизам за на здруженијата да им се обезбеди одржливост и ефикасно работење.

4. Децентрализација на донесувањето на одлуки по барањата за БПП. Децентрализацијата е клучна кога се работи за кратки рокови кои треба да се запазат, а во исто време преку повеќестепеноста на постапката ќе се обезбеди и поголема правна сигурност на граѓаните.

5. ЗБПП мора да биде усогласен со останатите закони со кои е поврзан.
   ЗБПП е дел од правниот систем на РМ и може да биде целосно имплементиран само доколку е во согласност со сите материјални и процесни закони, притоа меѓу оние со кои е тесно поврзан се вбројуваат: Законот за парична постапка, Законот за кривична постапка, како и Законот за нотаријат.

6. Формирање на независно тело за набљудување и оценка на имплементацијата на ЗБПП.

   Клучен елемент кој треба да се опфати со новиот ЗБПП формирањето на независно тело кое ќе го гарантира еднаквиот пристап до правда на сите граѓани, ќе одлучува во втор степен по жалба за донесено решение и ќе има други надлежности опфатени со законот, а опфатени подолу во овој документ. [1]

[1] Пристап до правда во Македонија, Проект за унапредување и промовирање на правото на бесплатна правна помош- Фондација отворено општество, ст. 2

# Користена литература


1. Законот за бесплатна правна помош
2. д-р Стојанка Мирчева и м-р Ардит Мемети, Анализа н аопфатот на Законот за бесплатна правна помош: еднаков пристап до правдата, ОБСЕ, Скопје, 2010;
3. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2011 година, Министерство за правда на Р.М, Скопје, 2011 година.
4. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2012, Министерство за правда на Р.М, Скопје, 2012 година.
5. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2013, година, Министерство за правда на Р.М, Скопје, 2013 година.
6. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2014 година, Министерство за правда на Р.М, Скопје, 2014 година.
7. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2015 година, Министерство за правда на Р.М, Скопје, 2015 година.
8. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2016 година, Министерство за правда на Р.М, Скопје, 2016 година.
9. Жарко Хаџи-Зафиров, Гоце Коцевски и Емир Прцановиќ, Бајка или реалност?! – Бесплатната правна помош во Република Македонија, МЗМП, Скопје, 2012;
10. Dan Manning, Civil legal aid in the Western Balkans: Achievements, Opportunities and Risks, PILnet, 2012;
11. Пристап до правда во Македонија, Проект за унапредување и промовирање на правото на бесплатна правна помош 2016
12. Мислење за предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош 2013 – Министерство за правда

# Анекс 1

Податоци од анкета спроведена на 500 граѓани во Тетово

**Прашање 1**




**Прашање 2**



**Прашање 3**




**Прашање 4**



**Прашање 5**




**Прашање 6**



**Прашање 7**




**Прашање 8**

